# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Третото продолжение на Сто и десеттата седница
## на Собранието на Република Македонија,
## одржана на 28 јуни 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Сто и десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за девизно работење, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор г. Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

За волја на виситната да ви соопштам една интима на почетокот. Јас се израдував кога не го видов претставникот на Владата од проста причина што мислев дека нема да расправаме за овој катастрофален текст на законот што ни е понуден за девизно работење, меѓутоа не знам по чија наредба претставникот на Владата дојде и сега сме притиснати од фактите и сепак мора да се соочиме со вистината и да расправаме по овој закон. Мислев дека тоа е и по налог на министерот за финансии да не дојде претставник на Владата, мислев дека е и доблест на претседателот на Собранието што вчера токму на оваа точка ја прекина расправата. Меѓутоа најверојатно постои некој повисок договор во врвот на двете владеачки партии, сепак овој катастрофален текст е денеска Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење пред пратениците. Јас се согласувам да се измени самиот наслов на текстот на законот и да се нарече Предлог за донесување закон за суспендирање на целокупното коруптивно законодавство што го донесовме пред се за суспендирање на законот за перење на пари, или ако сакате друг работен наслов на овој текст може слободно да му се даде закон за протежирање на перење пари во Република Македонија.

Дозволете да ги образложам овие неколку ноторни факти што ги соопштувам пред вас колеги пратеници. Кога се гледаат предложените измени навидум се чини дека станува збор за некои палиативни промени во еден суштински економски закон т.е. во законот за девизно работење, бидејќи во суштина само два сегменти од истиот се менуваат, а тоа е рокот на важење се пролонгира за кој апсолутно немам никакви забелешки, имајќи го во предвид стратешкото значење на самиот закон и предизборниот период во кој се наоѓаме. И она што е суштинско како промена во неколку редови, меѓутоа е суштинско, се менува оној дел од законот за девизно работење каде што сега се легализира трансферот на пари преку цитирам, одредби од Предлогот на закон преку резиденти овластени за вршење на трансфер на пари. Што значи дека покрај банкарскиот сектор кој е еден и единствен по сите валидни законски прописи во оваа држава овластен да го врши тој трансфер на пари. Сега со оваа промена ни се нуди такво решение каде што некакви си резиденти овластени за извршениот трансфер на пари ќе бидат овластени да ги вршат тие трансфери што значи ќе вршат исплати од Република Македонија надвор и од надвор ќе примаат уплати во девизи исто како и банките. Ова легализирање на трансферот на пари преку т.н. резиденти овластени за вршење на трансфер на пари и неколку битни моменти кои пред се прејудицираат промена во многу суштинска материја на неколку базични економски закони. И ако се донесат вака како голи промени денеска, ќе настане една тотална конфузија во тој финансиски сектор во државата. Ако добро се проучи законот за девизно работење и добро се проучат овие промени што ни се нудат, не може никој да го оспори тоа автоматски треба да се оди или на цели текстови, или на делови на промена на неколку системски закони како што се Законот за платен промет, Законот за надворешно трговско работење, Законот за финанско работење, Законот за трговски друштва, Законот за народна банка, Законот за банки итн. И доаѓаме до нонсенс ситуација дека ако не се променат одредви од овие закони што ги спомнав дека овој закон кој е понизок по

ранг како правен акт ќе ги суспендира одредбите од овие неколку закони што ги набројав.

Инаку вака како што се предложени измените носат со себе неколку основни карактеристики. Прво, основно што го карактеризира овој предлог за измена на законот за девизно работење за воведување на еден нов вид трансфер кој ќе одвива мимо банкарскиот сектор во државата, основната карактеристика му е создавање на огромна конфузија во секторот банкарство и финансии во државата. Имено, од една страна во членот 1 од Предлогот се вели дека цитирам: трансферот на пари претставува пренос на пари уплатени од едно лице кај овластен претставник за пренос на пари во една земја и примање на пари од друго лице преку овластен претставник за пренос на пари во друга земја при што преносот на парите од и во Република Македонија се врши преку банка што алудира, или наведува на заклучок дека се работи за трансфер на пари преку системот на банкарски канали. Меѓутоа, дали е тоа така? Од друга страна измената на законот се предлага да се направи во поглавието 52 еднostran трансфер на имот како член 28 а, или членот 2 од Предлогот на законот што сугерира дека се работи за трансфери на ефективни пари, чекови и монетарно злато, бидејќи подзаглавието на самиот тој дел каде што се наоѓа членот 52, или членот 2 од Предлогот носи наслов: внесување и изнесување на ефективни пари, чекови и монетарно злато. И настанува тотална конфузија, дури и најголемите економски експерти во државата се збунети што токму се прејудицира со овие одредби во промените на текстот.

Следно што е карактеристично и не може да се избега од таа констатација, дека дефинитивно со еден ваков закон имаме бегање на капиталот од банкарскиот сектор во државата и со еден ваков да речам законски акт се врши преферирање на одредени сеуште недефинирани стопански субјекти во државата кои сега засега се регистрирани согласно Законот за трговски друштва.

На пример се избегнува работењето преку банките и причините поради кои тоа се прави се многу палиативно наведени, велејќи во ставот 2 дека во праксата трансферот на пари се врши преку овласгени претставници на меѓународни системи на трансфери на пари во многу земји, а тоа било некој модерен тренд дури во земјите на источна и централна Европа. И затоа ние помодарите од Македонија сме прибегнале кон едни вакви решенија.

Второ, се овозможува криење на потеклото на парите, тоа е втора констатација која ја нуди овој текст на промена на Законот за девизно работење, бидејќи членот 28-а став 3 вели: резидентите од ставот 2 на овој член склучуваат договор со други резиденти кои во име и за сметка на резидентот од став 2 на овој член го вршат трансферот на пари. Значи апсолутно како што се одредбите од Законот за банки по кои основи се вршат сегашните трансфери, сега со оваа нова одредба апсолутно се губи трагот на потеколото на парите кој кому уплаќа од странство во Македонија и кој кому исплаќа од Македонија во странство. Што значи само со оваа одредба, да не толкуваме други одредби дефинитивно се потврдува дека ние носиме закон за пералница на пари во Република Македонија кој апсолутно е спротивен на одредбите од Законот за перење пари кој неодамна овој парламент го усвои. Исто така, се ескивира едентификацијата на уплатувачот на парите, тоа е член 1 од Предлогот каде што вели: трансферот на пари претставува пренос на пари уплатени од едно лице кај овластен претставник за пренос во една земја и примање на парите од друго лице преку овластениот представник за пренос во другата земја. Се мисли конкретно за да е појасно иако се многу конфузни одредбите на Предлог текстот, се мисли дека само на икс лице без некој да има право легално по закон тоа да го идентификува, кое е тоа лице од странство што уплатило пари, уште помалку кое е тоа лице во Република Македонија за име на некој трет што треба да ги исплати ги примило тие пари. Што значи се губи секаков траг и идентификација на уплатувачот на средствата.

Исто така, се преземаат одредени ингеренции од Народната банка која е единствениот врховен арбитер во банкарскиот сектор во Република Македонија. И сега се бара овластување за работа на претставнкот за пренос на пари, се мисли на таа фирма што ќе ги пере парите во Република Македонија лиценцирањето, или одобрението за вршење на таква дејност да го добива од страна на министерот за финансии, наместо она како што е по пропис и по таа

вертикала се поставени банкарските системи во Република Македонија, значи на врвот на пирамидата тука да е Народна банка на Република Македонија. Што значи дека лиценцирањето од сега ќе го врши министерот за финансии. Од друга страна се влегува во таква конфузија што и покрај тоа што сега лиценцата ќе ја издава еден субјект и натаму вели: се овластува Народна банка на Република Македонија да го контролира работењето на претставникот за пренос на пари што е спротивно на Законот на Народна банка, бидејќи Народна банка не го дала овластувањето т.е. не ја издала лиценцата. И не може да се влегува во таква конфузија Народна банка на пример да има некој став дека одреден икс субјект кој треба да ја обавува оваа стопанска дејност во државата не ги исполнува ни минималните услови за тоа да го прави, а по такт на одредени, незнам криви, леви линии од страна на министерот за финансии се добие лиценца како Народна банка на Република Македонија ќе го контролира тој субјект кога априори го оценила дека тој нема апсолутно никакви можности да обавува вакви дејности како што му се припишуваат со законот.

Од она што на почетокот говорев има и многу други одредби во предложениот текст на измените на Законот за девизно работење со кој се кршат, или отстапуваат од одредбите од Законот за банки, од Законот за Народна банка на Република Македонија, од Законот за надворешно - трговско работење, од постоечкиот закон за трговски друштва итн. Значи, правиме еден законски текст кој со ништо апсолутно не е конзистентен со таа материја што се сака да се регулира во Република Македонија. И затоа дозволете, можеби се преригорозни нашите оценки, можеби повторно ќе се сватат само како опозициони ставови што е трагично ако така колеги пратеници барем по овој закон ги сфаќате. Овој закон дефинитивно значи легализирање на сите илегални трансфери на пари во Република Македонија и тоа дозволете да отидам и понатаму на сите нелегални трансфери за воени потреби на одредени милитантни групации во Република Македонија како и одлив на пари од Република Македонија во странство запечалени од криминални активности на овој терен. Што значи да се вратам на почетокот, сакале, или не ние мора да признаеме дека со овој закон слободно можеме работниот наслов да му го измениме и да го викаме закон за воведување на пералница на пари.

Ваквиот трансфер на пари кој се предлага со овој закон всушност не претставува ништо друго освен и дури легализација на досегашното перење на пари. Подоцна нешто ќе се навратам на некои конкретни моменти што ни се случувало изминативе три години откога една ваква фирма во моментов регистрирана согласно законот за трговски друштва без никакви добиени лиценци, без никакви добиени согласности, си го работи ова што пишува овде. Што значи легализирање на веќе, еден процес на перење на пари што еден подолг период од 3 години трае во Република Македонија.

Кои се индициите што говорат дека се работи токму за воведување на законска основа за перењето на пари во Република Македонија спротивно на одредбите на законот против перење на пари што го донесовме. На пример се избегнува идентификацијата на сопственикот на парите, а со тоа се крие и потеклото на парите, а во терминологијата за перење на пари оваа фаза е наречена пласирање. И сега ако ние се служиме со некои еуфемизми и не им даваме правилен наслов на работите онакви какви што се, секогаш ќе постои една мала резерва, па видете, можеби е добар текстот, знаете ако кажете пласирање, пласирање не е некоја одредба вака ригорозна што не може да влезе во главите на луѓето. Меѓутоа, трансферот на пари вон банкарските канали доколку се работи за трансфер на ефектива, а тоа се сугерира токму во овој текст, внесувањето и изнесувањето на ефективни пари каде што вика: чекови и монетарно злато кое дури и да се изврши преку банкарските канали значи мало замаглување и криење на траговите на валканите пари е процес фактички на одвојување на парите од криминалните активности од нивното потекло користејќи други извршители низ финансиските трансакции, или во терминологијата за перење на пари оваа фаза е наречена како фаза на раслојување. Значи, и во досегашниот, со една реченица да го потврдам од претходното, систем на трансфери на пари значи низ легалните банкарски системи на пари постои минимална можност да се сокрие трагот на нечистите пари. И таа е токму втората фаза од онаа првата фаза на пласирање, во втората фаза на т.н. раслојување се

врши едно мало замаглување на трагот на перењето на пари. И тука токму е улогата на Народната банка, а и на комерцијалното банкарство преку законот за перење на пари да ги едентификува сите вакви трансакции и ден побрзо да ги пријавува во веќе формираната Дирекција за спречување на перење на пари. Подигањето на трансферираните пари по правило пак во готовина повторно како што се вели во Предлог текстот од резидент овластен за вршење на трансфер на пари за понатаму пак тие пари да си го најдат патот назад до криминогените структури кои што го започнале тој циклус на вртење, сега влегува веќе во третата фаза која во терминологијата за перење пари е наречена фаза на интеграција која е процес на користење на очигледна легитимна легална трансакција и процесот на перење на пари е завршен.

Исто така, да продолжам натаму, со овој закон се работи за легалцзирање на процесот на перење пари во РМ, што значи дека доколку се работи за легални трансфери врз основа на закон зошто се прибегнува кон едно вакво решение кога во постоечката инфраструктура на ова ниво на развиеност на банкарскиот сектор досега, барем последниве 10 години немало апсолутно никакви проблеми во платните односи со странството. Денес давате налог за дознака по линг системот за две минути ви е извршен. Линг системот во банкарскиот систем во РМ е воведен уште пред 10 години и досега беспрекорно функционира.

Перманентното зголемување на нивото на девизни резерви во РМ исто така погодува и ствара непречена клима за овие трансфери непречено да се одвиваат. Значи, имаме уште еден дополнителен аргумент каде што преку банкарскиот сектор апсолутно немаме никакви пречки за овие трансфери на пари, дали се врши за исплата на пари на комитенти на индивидуални лица спрема физички лица или се врши процес на наплата на пари од индивидуални лица во странство, или на наплата на акредитиви со дознаки од странство апсолутно преку системите на комерцијалното банкарство во РМ до ден денеска, јас сум бил и оперативец, генерален директор на фирма, апсолутно никакви пречки немало. И што е најсуштински, одговорете ми предлагачите зошто се прибегнува кон еден ваков механизам на трансфер на пари кога се гледа од сите документи како работело тоа друштво, кое подоцна ќе го споменам, сега за сега согласно Законот за трговски друштва е поскапо како некоја трансферна провизија во однос на банкарските трансферни провизии што се наплаќаат за вакви трансакции во банкарскиот систем на РМ. Каже те ми кој е будала кој ги спечалил парите на легален начин и трансферира износ од 5 до 10 милиони долари и наместо да плати 0,2%, дури некои трансфери се во промили, значи да не плати 0,2% или 0,5%, туку да плати 1 или 1,5% преку трансферот на ова друштво кое три години така ги обавува финансиските трансакции во РМ. Значи, апсолутно се избегнува и економската варијанта што сама по себе, тоа е доволен аргумент дека мора пред еден таков систем да почне процесот на перење на пари.

Значи, генерално да кажам со две реченици, основната мана на овој Предлог на закон е токму тоа што со овој закон се оди во пералницата за пари легална, легитимна со сите нишани направена во РМ и од утре натаму ќе почне да функционира без никакви пречки, се легализира, или се покриваат трезорите на досега нелегалните трансакции во изминатите три години што ги има фирма која ги обавувала ваквите трансакции во РМ.

Вториот недостаток е што истите овие измени нема ништо да вредат утре ако не се направи измена во 5 до 6 системски закони на РМ.

Трето, апсолутно вака како што е предложен законот излегува од системот на контрола и монитер на контролата на монетарната власт во РМ , тоа е Народната банка.

Впрочем, ние овие денови сме сведоци дека и гувернерот има упатено писмо до сите претставници на Парламентот, до пратениците каде што тој во три точки кажува дека за ова што пред малку јас говорев, овој Зкаон вака предложен е спротивен на член 10 каде што се стипулирани функциииите на Народната банка на РМ. Член 10 од Законот за народна банка каде што се вели "контролата на правните лица кои ќе ги вршат трансферите на пари ќе го врши Народна банка" што е спротивно на член 3 каде што се вели дека иницирањето за формирање на вакви друштва во РМ ќе го дава министерот за финансии.

Исто така од Народна банка посочуваат на некоја егзистентност на вака продолжениот текст на законот со членот 5, 45, 46, 77, 81 и 82 од Законот за банки и тоа се однесува на некои некоигзистетности во промените кои уочуваме овде од пред околу

месец дена. Значи, се она што пред месец дена овде имавме многу жестока расправа околу Законот за банки и сега велиме што се караме и на крај постигнавме сепак некој консензус околу изгласување на текстот на Законот за банки и сега велиме извинете тоа не важи, важи ова што сега го предлагаме.

Трето, што посочуваат од Народна банка е онаа нервоза што на почетокот малку ја споменав околу тоа еден субјект во РМ да го оценува бонитетот на таквото претпријатие и да дава лиценца за работа, а од друга страна друг е субјектот што ќе ја врши супервизијата или контролата врз сите тековни процеси или тековни трансфери на пари од Македонија во странство и обратно во странство во Македонија.

Г-да, ве прашувам сите вас имаме ли ние барем трунка совест и морално право да кршиме 10 системски закони во сферата во нашето банкарско работење само за да задоволиме нечии барања, нечии потреби за расчистување на коалициони односи. Зошто ова го говорам? Веќе и малите деца по улиците, бидејќи од порано овој закон е ставен на дневен ред на Собранието, на други поранешни седници, па преставуван на други посвежи седници, ако и денес што е ставен на дневен ред, значи и малите деца во РМ се убедени дека овде фактички не се работи за ништо друго освен донесувањето на ваквиот закон да се подведе под некои меѓусебни коалициони интереси и од стапката што дебело ВМРО-ДПМНЕ му ја прави на својот коалиционен партнер од албанскиот политички блок т.е. ДПА. Зошто го говорам ова?

Го говорам ова од проста причина што имаме детални информации дека министерот аз финансии, мора веќе, на крај на мандатот е без нараквици да зборуваме кога му предложиле дека ваков закон треба да влезе во парламентарна процедура почнал да плаче, почнал да хистерише и да вика дека ќе се оди од позицијата ако ова навистина се случи во Република Македонија. Ова се факти кои ги кажуваат луѓето кои биле присутни во тој момент на таа расправа. И би било доблесно од тој човек да не учествува во криминалот што се прави со овој закон и навистина да го повлече, или да се повлече од својата функција. Ова најсериозно му го кажувам затоа што сите знаат дека министерот за финансии ја разбира материјата која ја има пуштено и не е туку така пуштена без огромни притисоци од неговиот коалиционене партнер. Тоа е направено затоа што знаење или не, сакајќи или не, министерот за финансии, под чии ингеренции по вертикала на раководењето на ресорното министерство се наоѓа девизниот инспекторат до него има пуштено девизна инспекција во фирма која ги инволвирала изминатите три години во банкарскиот систем сите овие финансиски трансакции за исплати и уплати со странство и во таа фирма, регистрирана согласно законот за трговски друштва најдени се катастрофални сознанија за кршење на огромен број на закони кои ја регулираат оваа сфера и за направени во серија 10-тици кривични дела. Кога се утврдува дека газда на фирмата е брат на истакнат член на една од партиите која била во коалиција, а повеќе не е сега, сега е на другата, помилитантната опција тогаш се врши страшен притисок врз министерот за финансии да го забошоти овој извештај на девизниот инспекторат. Ова е тешко да се каже, меѓутоа мора некој и да собере храборост и доблест да го каже за да биде појасно она што го говорев и по повод на еден друг закон зошто во Македонија во континуитет се пука и зошто се дестабилизира Македонија.

Кога се дознава тоа како гол факт се запираат сите постапки на натамошна контрола и што е најтрагично за она што е најдено не се покренува никакви, никакви апсолутно протести против прекршителите на тие закони.

Исто така сега не е на одмет да му се соопшти на министерот за финансии согласно сите казнени одредби од казненото законодавство во РМ и соучесништвото во злочинот на тој злочин е злочин. Можеби не со ранг на одмерена казна како извршителот, меѓутоа министерот за финансии стопирајќи го овој процес на натамошни контроли, особено стопирајќи ги покренувањата на кривичните пријави за веќе утврдени криминогени дејствија тој учествува во злочинот.

Министерот за финансии не му се допаѓа Парламентот, не доаѓа меѓутоа да му пренесете дека и тој учествува во криминалот и утре треба да понесе лична одговорност. Ако не беше кажано досега, можеби не знаел човекот, еве му укажуваме, да си поведе сметка за конкретниот момент.

Второ, му укажуваме исто така, немој да мисли ако денеска е 28 јуни се донесе закон и со силата на мускулите, а не со силата на умот овде не надгласате вие како позиција нас опозицијата ниеден закон согласно Уставот нема ретроактивно дејство, ниту пак овој ќе има. Значи криминогените дејствија направени во овој сеектор кој сакаат сега да се легализира со овој закон

автоматски нема да бидат амнестирани. Значи, повторно, ако за ова што претходно говорев е точно, министерот треба да си го провери, бидејќи ваквите информации се токму од неговото министерство, тогаш треба да се замисли зошто воопшто му е потребен овој закон. Значи апсолутно неможе да се оди на варијанта да се сака да се замачкаат траговите на сето она што досега е направено.

Г-до, што е направено? Направено е преку овие канали, на пример во еден ден да се подигаат по 15 милиони долари- од некоја жена, од некоја банка. Сега сакаме да го покриеме тоа, а уште потрагично што е да им дозволиме на таквите утре и по 30 милиони долари еднократно да си подигаат и никој никого да нема пријавено никаде. Како 15 милиони долари да се 15 денари, па некој ги затурил во левиот или во десниот џеп. Ако се следи само трагот на тие 15 милиони подигани немојте да се чудите дека на рамковните договори или нерамковните договори ќе не спасат. Нас *ќе* не уништи ова што го носиме сега како држава. Токму ова што го носиме сега ние си ја потпишуваме смрттната пресуда како држава.

Дефинитивно, она што кажував вчера реплицирајќи со г-ѓата Марковска, дефинитивно треба да се освестиме и да се бориме против ерециte, а не против еретиците. Еретици секогаш и на секое место ќе се наоѓаат, а ние токму воведуваме ерест, па после по име и презиме, да не споменувам, ние сега ги легализираме постапките на криминалците и утре ќе бидат тие промовирани во елита која по закон прави работи што не треба да ги прави.

Затоа колеги пратнеици би ве замолил со посебен респект ова што го кажував обрнете внимание дека правиме катастрофална грешка до колку овој текст навистина продолжи во натамошна процедура да оди. Добро е транспарентно да кажам да правиме опструкција до последен здив овде што може, дури сега да бараме прекинување на седницата бидејќи немаме претставник од ресорното министерство, па да не се продолжи повеќе по овој текст да се расправа. Ако се продолжи да се расправа по овој текст, и ако вие се убедите дека се само две-три одредби кои се палијативни и никакви штети нема да донесат во РМ тогаш навистина треба да се преиспитаме зошто народот токму нас ни го дал мандатот. Треба да се преиспитаме. Некои ќе одиме на судот на историјата по она што го потпишуваме во Рамковниот договор. Некој ќе си ја переме совеста дека сме направиле добро и сме ја спасиле Македонија од крвава граѓанска војна. Еве јас сум еден од тие што си ја перам совеста дека ја спасувам Македонија од крвава војна и мислиме дека тој процес го завршивме и дај боже да не ни се повтори. Меѓутоа, нема совеста г-до пратнеици да ни биде чиста утре токму за само еден член промена на еден ваков закон. Не може да се исպереме ние од тоа. И уште 100 рамковни договори да потпишуваме оваа држава нема дефинитивно да биде држава затоа што ги легализираме криминалците во државата. Сватете што говорам сега.

Што е уште потрегично месец дена пред тоа ЕУ коегзистентно со нивното законодавство не притиснаа во тие преговори, или светската трговска организација со која се во тек преговорите за полноправно членство и сега по нивни притисоци носиме закони, меѓутоа велиме зошто ни се овие закони, само затоа што не притискаат сме ги донеле. Меѓутоа, немаме ние политичка волја тие закони да ги спроведуваме. Ни помалку ни повеќе се обврзуваме само за месец дена апсолутно спротивен текст од одредбите од Законот за перење на пари, со измена само на еден член од Законот за девизно работење да го воведеме перењето на пари на мала врата.

Второ, искрено ве прашувам колку г-до изгубивте верба во нашиот банкарски систем во РМ и толку ли ви влеја верба, барем сега за сега само едно акционерско друштво формирано врз основа на закон за трговски друштва дека е поспособно и покапацитентно за вакви трансфери во целиот банкарски систем, кој за волја на вистина да се каже дека со преземањето на платниот промет од бившиот Завод има невидена инфраструктура дури и на потребите од вршење на вакви трансфери Тоа друштво кое сега се легализира, или утре по основ на овој Закон би се формирале уште Х такви друштва, навистина барам 10-тина години би било проблем со изградба на физичка инфраструктура на територијата на РМ. Сега, ако немаме апсолутно ниеден валиден аргумент ние носиме закон само како политички акт и политичка волја на коалиционите партнери во Владата. Извинете, никој не ви го дава тоа право, затоа што одговорно ви тврдам било кој да дојде на власт после 16 септември, апсолутно било кој и СДСМ дека овој закон ќе живее само еден ден, до 17 септември. Не се, знаат бељите што до тој момент можат да се направат затоа што во овие три годишни трансфери што ги спомнувам со цифра од

100 илјади трансакции направени, и тоа најголем број приливи во земјата, што ако се има предвид просекот од 500 ЕВРА во трансакција, тие трансакции се направени од страна на тоа формирано друштво кое нелегално ги врши тие трансакции на пари за скоро 45 милиони долари. Сега вие пресметајте каков криминал ни е организиран во државата, а сите тие трансакции се направени мимо сите суштински и базични решенија што ја регулираат оваа материја во 4-5 клучни закони.

Впрочем, ова да не биде само како укажување од пратеник на опозицијата тоа од точка до запирка го потврдува токму Извештајот на девизната контрола која е под ингеренции на Министерството за финанси Затоа би ве замолил да не брзаме и да не заборавиме дека утре преговарачите, ако не повеќе ќе седнат за финално потпишување на актот за прием во Светската трговска организација. Да не заборавиме дека процесот на имплементација на Договорот со ЕУ е во фаза на некоја си реализација на обврските од матрицата што е превземена со нив. Немојте да мислите дека ние можеме што сакаме да правиме а никој ниту не гледа, ниту не следи што правиме. Сето тоа, како што и за царинскиот закон пред две-три седници се расправавме ќе ни се врати како бумеранг и еден ден мора да го смениме, не може да одиме на уништување на општоста и долгорочноста како начело на законите да ги носиме за поединци и да ги носиме на кратки рокови, па колку ќе важат нека важат, нека се легализира ова, да го наречам крадење по тој закон, па после ако се укине нека се укине. Мислам дека тоа навистина е несериозно.

Од сите овие аргументи што ги наведов колеги пратеници се надевам барем еден да земете предвид незнам како ќе се осудите да гласате за промените што се нудат сега. Ако се разбереме добро мислам дека ќе покажеме доблест, не алудирам на никого поединечно, се однесува на сите пратеници кои мислат добро на оваа држава навистина овој закон да не го поддржиме денес и дури ако може да успееме да се врати во Владата, воопшто да не се расправа по истиот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? - Има збор господин Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, мислам дека, со оглед на тоа дека се наоѓаме во последна фаза или поконкретно да кажам при крајот на мандатот, а пред изборите, за да се отфрли секоја можност за сомневање за целите на донесување на ваков закон, мислам дека е неопходно дебело образложување тука од страна на претставниците на Владата зошто се донесува ваков закон, зошто токму сега се донесува таков закон и дали се направени потребните стручни и научни анализи за, ако се има добра цел за да се донесе добар закон. Ако не се има добра цел, тогаш сомнежите остануваат.

Тука не слушнав никој да каже, нешто од предлагачите, што дополнително дава сомнеж, можност да се сомневаме во целта зошто токму сега и зошто токму ваков закон се донесува? И, не се далеку од тоа да не се во право тие кои можеби стравуваат дека можеби со ваков закон ќе се легализира веќе постојниот или во поголема мера уште повеќе во иднина фактот на перење на пари, внатрешен или меѓународен. Така што, можеби, хумористите се во право кога велат дека ние во Македонија имаме најчисти пари, затоа што многу се перени.

Донесовме Закон за спречување на перење на пари. Не сум сигурен дека ваквиот предлог што денеска е пред нас не е во тешка коализија со одредбите во законот што е веќе дел од правниот систем, што е веќе во сила. Не сум сигурен дека овој закон што сега се донесвуа не се коси со основните начела на законот што е донесен од ова Собрание, а се вика Закон за спречување на перење на пари.

Значи, донесување закон што овозможува еднострано пренесување или трансфер на пари на или по посредство на овластен претставник од тука до овластен претставник на друга земја и до резидендот на кого се наменети тие пари. Значи, практично се врши трансфер од една земја во друга земја и тоа како личен трансфер и како физички трансфер. Личен трансфер, секако се пари што се префрлуваат за одредена цел, заем, кредит, долгови, наследство и тн. и како физички, т.е. златото и хартии од вредност.

За да се прави ова потребна е дозвола од Министерството за финансии или постапката како се прави ова, а се прави од страна на пропишаните норми од Министерството за финансии. Мислам дека тоа е своевиден апсурд од причина што претходно, за да се бара дозвола или нешто слично треба да постои договор помеѓу еден резидент од една земја и друг резидент од друга земја. Тоа воопшто не е тешко, затоа

што такви фиктивни договори веќе имаме колку сакате и во внатрешниот промет и во надворешниот промет. Значи, само се сака да се легализира перењето на пари или некој има потреба некои пари да печали сега, пред изборите во некоја странска земја каде ќе бидат на посигурно место.

Ако има чесност, ако ова не е вистина што јас тука го кажувам или претходниот говорник, тогаш не е ништо да почекаме од причина што ако е чекано неколку години и вака функционирал системот како што уште функционира, па зошто не можеме да почекаме уште неколку месеци? За да се, ако не повеќе, за да се исклучи секоја можност за сомневање дека некој сака да префрли пари на некоја сметка надвор од земјата.

Во законот се наведува дека тие пари што се трансферираат во друга земја не можат да служат за плаќање на увозно-извозни односи. Се поставува прашањето, значи, останува доменот на услугите, што е многу полесно да се направат како фикција во споредба со претходното. И тоа се прави преку Вестер-Унион системот и системот Маниграм. И самиот предлагач во образложението кажува што е тој систем. Кажува дека тоа е функционален систем што веќе се практикува на 100 земји и веќе практично е проверен систем.

Второ, тоа е систем што овозможува одговорноста да биде не на национално ниво, туку на глобално ниво и;

Трето, што признава дека има перење на пари. Тоа е систем што претставува, внимавајте, контролиран ризик од перење на пари на глобално ниво. Внимавајте, контролиран ризик. Не исклучува ризик, туку контролиран ризик. Значи, умерен ризик, што значи признава дека преку овие системи се перат пари.

Мислам дека не би требало да се поддржи, ако се има искрена намера. Овој закон треба да оди во две фази, па да се работи многу посериозно, многу постручно и да се донесе дури после изборите. Мислам дека нема ништо да наштети ако функционираме вака 12 години, не гледам причина зошто да не функционираме уште три месеци со овој систем и да се елиминира секоја можност за сомневање на некои или на мнозинството дека некој сака нелегално да префрли пари на некоја странска сметка. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесвуање на закнон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење.

Сега немаме доволно пратеници да гласаме. Ќе гласаме кога ќе имаме доволно луѓе.

Затоа сега ќе одиме на Сто и деветтата седница.

Господинот Никола Поповски бара збор процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Андов, може ли да ни дадете образложение зошто ја прекинувате Сто и десеттата седница само по една точка, а има уште пет точки до крајот, па минувате на нова седница?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ве разбирам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Туку што ја прекинавте Сто и десеттата седница на Собранието и преминувате на Сто и деветта седница, иако имаме уште пет точки што се на дневен ред што се утврдени.

Молам да кажете зошто тоа го направивте?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа што уште не ни е поделен договорот што е основа за законот за гаранции што ќе треба да се дадат, а и информациите не се дојдени, не се поделени. Тоа се останатите точки. Нема други точки.

Кога ќе дојде договорот што го баравте ние тогаш ќе расправаме Информациите ги бараме, нормално е, се е испратено до Владата.

(Седницата прекина со работа во 12,35 часот).